Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-529/3
Датум: 15-10-2024

По претставката бр. 08 – 529/1 од 22.07.2024 година, поднесена од [redacted] против ДУИ, за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на јавното информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 15.10.2024 година го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**За отфрлање на претставката поради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 529/1 од 22.07.2024 година, поднесена од [redacted] против ДУИ, за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на јавното информирање и медиуми **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 22.07.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација по електронски пат беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на јавното информирање и медиуми, од страна на [redacted] против ДУИ.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот (име и презиме и адреса), податоци за лицето против кого се поднесува претставката (име и презиме и адреса), **околностите и фактите врз кои се темели претставката (дескриптивен опис на настанот)**, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што претставката не содржеше опис на фактичката состојба, односно текстуална содржина во однос на дејствијата на дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 23.07.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката заведено под бр. 08 – 529/2 до подносителката на адресата наведена во претставката.

Обидот за поштенска достава на адресата наведена во претставката беше неуспешен, а поштата беше вратена со назнака „известен не побарал". Од таа причина на 29.08.2024 година Комисијата направи втор обид за поштенска достава на адресата

наведена во претставката, која повторно беше вратена со истата назнака. Подносителката во претставката нема наведено дополнителни информации како електронска адреса или телефонски број за контакт, поради што Комисијата нема друга можност за достава, освен адресата наведена во претставката.

**Врз основа на наведеното се заклучува дека претставката не ги содржи задолжителните елементи за постапување предвидени со член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а не постојат услови истата да биде доуредена.**

Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката со бр. 08 – 529/1 од 22.07.2024 година заради неуредност.

Скопје
15.10.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk